**Совет на Општина Делчево**
**Број 09-_____/2**
**07.05.2018 година**
**Д е л ч е в о**

# ЗАПИСНИК
## од одржаната Деветта седница на Советот на Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 07.05.2018 година (понеделник), во салата на ООУ „Ванчо Прке"со почеток во 14.00 часот.

На седницата присуствуваа 13 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Влатко Величковски
6. Вице Стоиловски
7. Кирил Тренчевски
8. Ванчо Велиновски
9. Катица Трајкова Тасева
10. Славица Димитрова
11. Сашко Јовановски
12. Дијана Јосифовски
13. Билјана Ѓеоргиевска

Оправдано отсутни беа Кристи Стојковски и Николчо Ситновски.

На седницата исто така присуствуваа и образлагачите на точките: Владимир Мерзликин, Анка Христова, Билјана Петровска, Билјана Симовска, Горан Велков, Тони Стоименовски, Зорка Котев, Горан Димитровски и Ивана Ивановска.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Драган Маневски-претседател на Советот на Општина Делчево, кој за 9.седница на Советот на Општина Делчево го предложи следниот

## Дневен ред
## -Усвојување на Записникот од Осмата седница на Советот на Општина Делчево

1.Измена и дополнување на Годишен план за вработување на општина Делчево за 2018 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:**Владимир Мерзликин-Раководител на Одделението за управување со човечки ресурси;

2.Предлог-Одлука за измена на распоредот на средства во Буџетот на општина Делчево за 2018 година;

**Образлагач**: Анка Христова-Раководител на Одделението за финансии и буџет.

3.Измена и дополнување на Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден" Делчево за 2018 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:**Билјана Петровска, ВД директор на ЈЛБ „Илинден"-Делчево.

4.Предлог-Одлука за давање согласност на Статутот на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;

5.Предлог-Одлука за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;
**Образлагач**: По точките 4 и 5-Билјана Симовска-ВД Директор на ОЈУДГ „Весели цветови"-Делчево.

6.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-Рибник за одгледување на риби по барање на Соња Белогаска;

7. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат Викенд куќа по барање на Кирче Мавродиев;

8.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат Викенд куќа А4 по барање на Емилија Георгиевска;

9.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Верка Гоцевска;

10.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Ѓорѓи Велинов;

11. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат гаража по барање на Ванчо Апостолов;

12. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат Викенд куќа по барање на Гордана Боболинска;

13. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Душана Темелкова;

14. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат помошен објект (зграда 2) по барање на Душана Темелкова;

15. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат помошен објект (зграда 3) по барање на Душана Темелкова;

16. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат Викенд куќа по барање на Благој Николов;

17. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Павле Младенов;

**Образлагач**: Од точка 6 до точка 17-Зорка Котев -Виш соработник за урбанизам.

18. Предлог-Одлука-за утврдување на приоритет на проект „Sun -energy"по повик No:2014TC16I5CB006-2018-2;

19. Предлог-Одлука-за утврдување на приоритет на проект Младински туризам во пограничниот регион"по повик No:2014TC16I5CB006-2018-2;
**Образлагач**: По точките 18 и 19-Горан Велков-ВД Директор на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево;

20. Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проект „Заедничко надминување на прекуграничните проблеми поврзани со поплави", по повик No:2014TC16I5CB006-2018-2;

**Образлагач:** Тони Стоименовски-Советник за поддршка за ЛЕР.

21. Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проект „Придонес кон охрабрување на културен туризам во трансграничен регион преку прочување и популаризации на месни занаети и собори", по повик No:2014TC16I5CB006-2018-2;

**Образлагач:** Љупчо Прачковски-ВД Директор на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево.

22. Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проект „Вечно зелено училиште,по повик No:2014TC16I5CB006-2018-2;

**Образлагач:**Горан Димитровски-ВД Директор на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево.

23. Предлог-Решение за избор на членови на Советот на млади на Општина Делчево;

**Образлагач**: Ивана Ивановска-Помлад соработник за нормативно-правни работи.

24.Разгледување на Барање бр.08-733/1 од 20.04.2018;

25.Разгледување на Барање од Маја Илиевска, М.Каменица;

Претседателот отвори расправа по дневниот ред и за збор се јави Сашко Ивановски кој рече дека и покрај тоа што дневниот ред за денешната седница е обемен, на дневен ред треба да се стави точка-Разгледување на состојбата со депонијата за градежен шут „Ралова Чука".Имено, оваа

депонија веќе подолг временски период не се шисти, не се одржува и е во лоша состојба. И покрај тоа што истата е за градежен шут на неа се фрла се и сешто, па дури и зумрени животни. Депонијата е во многу лоша состојба и остава лоша, неубава слика за Делчево бидејќи како што знаеме сите се наоѓа на влезот во Делчево.

Претседателот на Советот рече дека предлогот е во ред и предложи да се додаде нова точка, точка 26-Прашања и предлози и на оваа тема да се продискутира под оваа точка.

На гласање беше ставен предлогот за дополнување на дневниот ред со точка 26-Прашања и предлози.

Со 13 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го прифати предлогот за дополнување на дневниот ред со 26 точка-Прашања и предлози на членови на Совет,

**Прва точка-Измена и дополнување на Годишен план за вработување на општина Делчево за 2018 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Владимир Мерзликин-Раководител на Одделението за управување со човечки ресурси кој истакна дека согласно Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и Методологијата, потребно е секоја потреба од измена на Годишниот план дополнително да се внесе во планот на седница на Советот на Општината. Годишниот план за вработување на општина Делчево за 2018 година е донесен од страна на членовите на Советот од претходниот мандат. Сега се јавува потреба од измени на истиот и затоа ви е ставен како точка на дневен ред.При изработката на планот е направена една техничка грешка во табела 1 на страница 2, во редот г планирана бројна состојба на 31 декември тековната година треба да стои 66, а не 65. Исто така потребна е и промена во балансерот, и таму вкупната бројка треба да биде 66. Во редот в треба да стои бројот 15. Табелата 2 се однесува на унапредувањата, значи оланирани се 3 унапредувања, од кои 1 е веќе реалзирано. Табела 4 се однесува на испразнувања на работни места по основ на пензионирања, такви се 4 работни места кои ви се прикажани во Табелата 4. Табелата 6 се однесува на планираните нови вработувања. Во 2018 година се планирани вкупно 15, 12 биле планирани со претходниот план и 3 нови вработувања, или вкупно 15, што не значи дека сите ќе бидат реализирани, рече Владимир Мерзликин и му предложи на Советот на Општина Делчево, да ги усвои измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2018 година.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Славица Димитрова која го праша образлагачот конкретно кои се имените на планот?

В.Мерзликин рече дека во образложението тој ги кажал измените на планот и дека тоа е усогласено со Законот за административни службеници.

Билјана Ѓеоргиевска го праша образлагачот колку изнесува вкупниот

број на вработени во Општина Делечво моментално и рече дека доколку се направи споредба со претходно донесениот план за вработување, ќе се види дека има разлика во Табела 4 и праша зошто е така? Исто така, таа праша зошто прво се донел План за вработување за 2019 година, а сега се прават измени за 2018?

В.Мерзликин рече дека моментално се вработени 55 лица во Општина Делчево. Планот за вработување во 2019 година е донесен бидејќи согласно законот мора да биде донесен до 31 март тековната година. Во Табела 4 има разлика од Годишниот план бидејќи во тој момент тогаш 3 лица биле планирани за пензионирање, во меѓувреме има уште едно лице и затоа сега се 4, ако сакате можам да ви ги кажам по име и презиме, рече В.Мерзликин.

Влатко Величковски рече дека измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2018 година се согласно законските прописи и дека во овој случај станува збор за техничка работа и недоразбирања.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор расправата по точката беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", 2 „ПРОТИВ" и 3 „ВОЗДРЖАНИ", Советот на Општина Делчево го донесе **Заклучокот за усвојување на измена и дополнување на Годишниот план за вработување на општина Делчево за 2018 година;**

**Втора точка-Предлог-Одлука за измена на распоредот на средства во Буџетот на општина Делчево за 2018 година**;

Образлагач по точката беше Анка Христова-Раководител на Одделението за финансии и буџет која истакна дека оваа одлука се донесува по барање на двете основни училишта, гимназијата и детската градинка, кои поднеле барање за проширување на средства кои се во вкупен износ 7.784.400 или 1.500.000 денари во делот на самофинансирачки активности (целодневна и претшколска грижа), 5.384.400 во делот на дотациите и 900.000 денари во делот на донации (други тековни донации).

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", 3 „ПРОТИВ" и 2 "ВОЗДРЖАНИ", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средства во Буџетот на општина Делчево за 2018 година.

**Трета точка-Измена и дополнување на Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден" Делчево за 2018 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Билјана Петровска, ВД директор на ЈЛБ „Илинден"-Делчево која рече дека врз основа на член 17 од Законот за вработените во Јавниот сектор, ЈЛБ „Илинден"-Делчево донесе Годишен план

за вработување за 2018 година. Бидејќи се јавува потреба од измени на истиот, до Советот на Општина Делчево поднесовме барање за измена на планот, во делот на нови вработувања која се состои во следното: за работно место сметководител благајник се предвидува високо образование, и за советник за маркетинг исто така високо образование.  Другото се останува исто, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката. За збор се јави Сашко Ивановски кој праша дали Советот има надлежност/ингеренции да донесува измени и дополнувања на годишните планови? Лично тој смета дека Советот нема надлежност за донесување на измени на годишните планови за вработување.

Претседателот на Советот рече дека Советот на Општината е основач на Јавната локална библиотека и законски е должен да дава согласност на годишните планови за вработување, а исто така секоја измена или дополнување мора да оди на седница на Совет.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, распаравата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", 4 „ПРОТИВ" и 1 „ВОЗДРЖАН", Советот на Општина Делчево донесе  Заклучок за усвојување на Измена и дополнување на Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден" Делчево за 2018 година.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Статутот на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Билјана Симовска ВД директор на ОЈУДГ „Весели Цветови" која на почетокот им се извини на членовите на Советот за техничка грешка на последната страна на материјалите кои се однесуваат на Статутот (наместо  зборот „Неготино" треба да стои „Делчево"). Таа истакна дека Статутот на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево бил донесен на седница на Управен одбор на 22.03.2018 година, но истиот имаше потреба да биде изменет во член 38 а и 38 б, па затоа на денешната седница предлагаме Советот на Општина Делчево да ги усвои предложените измени.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Славица Димитрова која ја праша директорката дали детската градинка досега имала вонnаставни активности?

Билјана Симовска рече дека детската градинка досега немала вонnаставни активности бидејќи се ограничени со просторот, но во иднина се планира да се направи игрална кадешто ќе можат да се спроведуваат вонnаставните активности.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за

давање согласност на Статутот на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево.

**Петта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;**

Образлагач по точката беше Билјана Симовска-ВД Директор на ОЈУДГ „Весели цветови"-Делчево која рече дека во Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево, има потреба од измена во делот на видот на образованието за работно место соработник-сметководител кое претходно било планирано со ССС. Во врска со тоа место бил објавен јавен оглас меѓутоа не се пријавил никој. Во консултација со Министерството за труд и социјална политика се прават измени во делот на образованието и се предвидува високо образование.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Сашко Ивановски кој праша зошто е предвидено местото за сметководител со високо образование, бидејќи според него тоа место треба да биде со ССС?

Б.Симовска рече според Каталагот на работните места работното место сметководител е со високо образование.

С.Ивановски побара да му се достави писмено дали тоа е така.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата и по оваа точка беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА" и 4 „ПРОТИВ", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;

**Шеста точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-Рибник за одгледување на риби по барање на Соња Белогаска;**

Образложение по оваа точка поднесе Зорка Котев која рече дека оваа одлука се однесува на утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-Рибник за одгледување на риби по барање на Соња Белогаска. Објектот се наоѓа во КО Тработивиште.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-Рибник за одгледување на риби по барање на Соња Белогаска.

**Седма точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат Викенд куќа по барање на Кирче Мавродиев;**

Точката ја образложи Зорка Котев виш соработник за урбанизам која истакна дека оваа одлука се однесува на утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за бесправно-изграден објект викенд куќа на лицето Кирче Мавродиев од Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа на лицето Кирче Мавродиев од Делчево.

**Осма точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат Викенд куќа А4 по барање на Емилија Георгиевска;**

Точката ја образложи Зорка Котев која рече дека одлуката се однесува на утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Викенд куќа А4 по барање на Емилија Георгиевска;

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат Викенд куќа А4 по барање на Емилија Георгиевска;

**Деветта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Верка Гоцевска;**

Образложение и по оваа точка поднесе Зорка Котев која истакна дека одлуката се однесува на утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Верка Гоцевска.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина

Делчево ја донесе  Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа на Верка Гоцевска.

**Десетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Ѓорѓи Велинов;**

Образложение и по оваа точка поднесе Зорка Котев која истакна дека одлуката се однесува на утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект  надвор од плански опфат станбена куќа  по барање на Ѓорѓи Велинов.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе  Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа на Ѓорѓи Велинов.

**Единаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат гаража по барање на Ванчо Апостолов;**

Образложение и по оваа точка поднесе Зорка Котев која истакна дека одлуката се однесува на утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект  надвор од плански опфат гаража  по барање на Ванчо Апостолов.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе  Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат гаража по барање на Ванчо Апостолов.

**Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат Викенд куќа по барање на Гордана Боболинска;**

Точката ја образложи Зорка Котев која истакна дека одлуката се однесува на утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект  надвор од плански опфатвикенд куќа по барање на Гордана Боболинска.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за

збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа по барање на Гордана Боболинска.

Единствено образложение по точките 13,14 и 15 поднесе Зорка Котев која истакна дека сите три одлуки се однесуваат на утврдување потреба од доесување на урбанистичко-планска документација на Душана Темелкова од с. Тработивиште. Едната одлука (точка 13) е Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Душана Темелкова, точката 14 е Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат помошен објект (зграда 2) по барање на Душана Темелкова, а точката 15 Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат помошен објект (зграда 3) по барање на Душана Темелкова.

Претседателот отвори расправа по 13-тата точка Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Душана Темелкова.

На гласање беше ставена и точката 14.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат помошен објект (зграда 2) по барање на Душана Темелкова.

На гласање беше ставена и точката 15.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат помошен објект (зграда 3) по барање на Душана Темелкова.

**Шеснаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат Викенд куќа по барање на Благој Николов;**

И оваа точка ја образложи Зорка Котев која истакна дека одлуката се однесува на утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-

планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат Викенд куќа по барање на Благој Николов.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе одлуката се однесува на утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат Викенд куќа по барање на Благој Николов.

**Седумнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Павле Младенов;**

Образлагач и по оваа точка беше Зорка Котев, која рече дека одлуката се однесува на утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Павле Младенов.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе одлуката се однесува на утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Павле Младенов.

**Осумнаесетта точка-Предлог-Одлука-за утврдување на приоритет на проект „Sun -energy"по повик No:2014TC16I5CB006-2018-2;**

Точката ја образложи Горан Велков ВД директор на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево кој рече дека ООУ „В.Прке"- изготвило проектна апликација за проектот „Sun -energy", кој е партнерски проект со ОУ „Никола Вапцаров", Копривјане од Република Бугарија и се однесува на Заштита на животната средина и одржливо користење на заедничките природни ресурси во прекуграничниот регион. Проектот ќе биде предложен за финансирање во рамките на приоритетна оска 1. Животна средина, Специфична цел 1.1 Заштита на животната средина и одржливо користење на заедничките природни ресурси во прекуграничниот регион.
ООУ „Ванчо Прке"-Делчево како партнер на проектот ќе ги обезбеди неопходните ресурси: човечки, технички и финансиски за развој и спроведување на овој проект согласно националното законодавство и барањата и условите во програмата.

Доколку има потреба, ООУ „Ванчо Прке"-Делчево бара поддршка и од основачот за обезбедување на човечки, технички и финансиски ресурси за развој и спроведување на овој проект.

Претседателот отвори расправа по точката и предложи измена на член 5 која се однесува на стапувањето во сила на одлуката. Имено, наместо да стои дека одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласнк на Општина Делчево", да стои:„со денот на донесувањето".

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и на гласање беше ставена одлуката со предлогот за измена на член 5 даден од страна на претседателот на Советот.

Со 13 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на приоритет на проект „Sun - energy"по повик No:2014TC16I5CB006-2018-2;

**Деветнаесетта точка-Предлог-Одлука-за утврдување на приоритет на проект Младински туризам во пограничниот регион"по повик No:2014TC16I5CB006-2018-2**;

Образлагач и по оваа точка беше Горан Велков-ВД Директор на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево кој рече дека со оваа одлука се утврдува приоритет на проект „Младински туризам во пограничниот регион" и се бара поддршка за спроведување на проектот по ИПА Програмата за прекугранична соработка Македонија-Бугарија, повик бр. No:2014TC16I5CB006-2018-2.Проектот „Младински туризам во пограничниот регион" е партнерски проект со СУ „Никола Вапцаров", Хаџидимово од Република Бугарија и се однесува на Заштита на животната средина и одржливо користење на заедничките природни ресурси во прекуграничниот регион. Проектот ќе биде предложен за финансирање во рамките на приоритетна оска 2. Туризам, Специфична цел 1.1 Заштита на животната средина и одржливо користење на заедничките природни ресурси во прекуграничниот регион.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на приоритет на проект Младински туризам во пограничниот регион"по повик No:2014TC16I5CB006-2018-2;

**Дваесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проект „Заедничко надминување на прекуграничните проблеми поврзани со поплави", по повик No:2014TC16I5CB006-2018-2;**

Образлагач по оваа точка беше Тони Стоименовски-Советник за поддршка за ЛЕР кој рече дека со оваа одлука се дава поддршка за развој и спроведување на проект по ИПА програмата за прекугранична соработка Р.Бугарија-Р.Македонија, повик број: 2014TC16I5CB006-2018-2.Проектот „Заедничко надминување на прекуграничните проблеми поврзани со

поплави“ –„ Joint overcoming of Cross-Border problems, related to Floods“ е партнерски проект со општина Благоевград од Република Бугарија и се однесува на Заедничко надминување на прекуграничните проблеми поврзани со поплави. Проектот ќе биде предложен за финансирање во рамките на приоритетна оска 1.Животна средина, Специфична цел 1.2 Превенција и ублажување на последиците од природни катастрофи и катастрофи причинети од човечкиот фактор во прекуграничниот регион.Општина Делчево како партнер на проектот ќе ги обезбеди неопходните ресурси: човечки, технички и финансиски за развој и спроведување на овој проект согласно националното законодавство и барањата и условите во програмата.Општина Делчево се обврзува дека целокупната инфраструктура и опрема која ќе биде изградена и набавена како резултат на проектот од член 2 ќе биде користена за целите и намената на проектот без никаков надомест најмалку 5 (пет) години после завршувањето на проектот. Вредноста на проектот е 400.000 евра за двете општини. Предвидено е изработка на техничка документација за регулација на речното корито на р.Брегалница, заштита на мостот, како и обуки за претставници на ЈПКД „Брегалница“, основните училишта, гимназијата. Во овој проект општината нема сопствено учество, истакна Т.Стоименовски.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Влатко Величковски праша со тие 200.000 евра за нас како општина што е предвидено, што може да се очекува од реализацијата на овој проект?

Т.Стоименовски рече дека 165.000 евра се предвидени за инфраструктурни работи, 3000 евра за изработка на техничка документација.

Кирил Тренчевски праша дали во оваа одлука треба да се смени членот 5 како на претходната?

Т.Стоименовски рече дека не мора бидејќи тоа ништо не менува.

Бидејќи никохј друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на приоритет на проект „Заедничко надминување на прекуграничните проблеми поврзани со поплави“, по повик No:2014TC16I5CB006-2018-2;

**Дваесет и прва точка-Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проект „Придонес кон охрабрување на културен туризам во трансграничен регион преку прочување и популаризации на месни занаети и собори“, по повик No:2014TC16I5CB006-2018-2;**

Образлагач и по оваа точка беше Тони Стоименовски кој истакна дека се аплицира по истиот повик како и претходната одлука, со проектот се предвидува реконструкција на дел од спортската сала и искористување на подземните води. Има предвидено и инфраструктурни активности/мерки и меки мерки.Инаку, проектот е партнерски проект со СОУ „Кузман Шапкарев“ од општина Благоевград, Република Бугарија и се однесува на Подобрување

на туристичкиот потенцијал во регионот преку иницијативи за соработка во зачувувањето и одржливо искористување на природото и културното богатство. Проектот ќе биде предложен за финансирање во рамките на приоритетна оска 2.Туризам, Специфична цел 2.1 Подобрување на туристичкиот потенцијал во регионот преку иницијативи за соработка во зачувувањето и одржливо искористување на природото и културното богатство. Се надевам дека овој проект ќе биде одобрен, истакна Т.Стоименовски.

Претседателот отвори расправа по точката. За збор се јави Билјана Ѓеоргиевска која го праша Т.Стоименовски колку изнесува грантот за овој проект?

Т.Стоименовски рече дека грантот за овој проект е 160.000 евра.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и одлуката беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на приоритет на проект „Придонес кон охрабрување на културен туризам во трансграничен регион преку прочување и популаризации на месни занаети и собори", по повик No:2014TC16I5CB006-2018-2;

**Дваесет и втора точка-Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проект „Вечно зелено училиште,по повик No:2014TC16I5CB006-2018-2;**

Образлагач и по оваа точка беше Тони Стоименовски кој истакна дека проектот „Вечно зелено училиште" **–**„Green school forever" е партнерски проект со Профилирана висока школа „Јане Сандански" од општина Сандански, Република Бугарија и се однесува на обука и тренинг на ученици и наставници во делот на зачувување на животната средина. Проектот ќе биде предложен за финансирање во рамките на приоритетна оска 1.Животна средина, Специфична цел 1.2 Превенција и ублажување на последиците предизвикани од природни катастрофи и катастрофи предизвикани од човекот на прекуграничниот регион и влијание. ООУ „Св. Климент Охридски" како лидер на проектот ќе ги обезбеди неопходните ресурси: човечки, технички и финансиски, за развој и спроведување на овој проект согласно националното законодавство и барањата и условите во програмата. Со овој проект е предвидена обука и трененинг, значи нема инфраструктурни работи, а грантот изнесува 150.000 евра.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на приоритет на проект „Вечно зелено училиште,по повик No:2014TC16I5CB006-2018-2;

**Дваесет и трета Предлог-Решение за избор на членови на**

**Советот на млади на Општина Делчево;**

Образлагач по точката Ивана Ивановска-Помлад соработник за нормативно-правни работи која истакна дека врз основа на претходно донесената одлука на Советот на Општина Делчево и спроведениот Јавен оглас за избор на членови на Советот на млади на Општина Делчево, се предлага Решение за избор на членови на Советот на млади на Општина Делчево, кое ви е доставено во прилог на материјалите. Според тоа за членови на Советот на млади се предлагаат:

1.Никола Тренчевски

2.Марта Тасева

3.Димитар Постоловски

4.Бојана Вучковска

5.Александар Толевски

6.Мејрема Демирова

7.Никола Џабирски

Претседателот на Советот отвори расправа по точката и рече дека постапката за избор ја спровела Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања. На истата биле присутни 4 члена, оправдано отсутен бил Кристи Стојковски. Беа пријавени 10 лица од кои Комисијата избрала 7, рече претседателот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по точката беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на општина Делчево го донесе Решението за избор на членови на Советот на млади на Општина Делчево;

**Дваесет и четврта точка-Разгледување на Барање бр.08-733/1 од 20.04.2018;**

Во врска со оваа точка претседателот на Советот рече дека до Советот на Општина Делчево има доставено Барање од група угостители за намалување на висината на таксата за користење на простор пред деловен простор бр.08-733/1 од 20.04.2018 година. Советот во претходниот состав има донесено Одлука со која висината на комуналната такса за таа намена е 7 денари, а законот дозволува од 5 до 15.00 денари, тоа е регулирано со член 4 од Одлуката.

Јас ќе отворам расправа по точката, тука се присутни и претставници на угостителските објекти кои се и потписници на барањето, па повелете, рече претседателот на Советот.

За збор се јави Лимонка Стоиловска сопственик на кафе бар Валиум која рече дека задолжувањето на угостителските објекти со комунална такса за користење на простор пред деловен простор треба да се врши врз основа

на разграничување на тоа дали просторот што се користи е на РМ или е приватно земјиште. Според неа, не треба да се задолжуваат објектите со ваква такса ако користат сопствен простор. Исто така, таа рече дека висината на комуналната такса која во делчево е 7 денари е висока за Делчево и дека треба да се направи корекција, исто така да се задолжуваат сите субјекти кои користат простор пред деловен простор, а не задолжувањето да биде селективно. Во прилог на своето образложение таа прочита и Мислење од Министерството за финансии во кое пишува дека доколку некој објект користи простор пред деловен простор, а земјиштето е во негова сопственост не треба да плаќа комунална такса. Исто така, дикутабилно е и мерењето што се врши од страна на вашите служби, рече Л.Стоиловска.

Градоначалникот на Општина Делчево истакна дека Советот во претходниот состав донел одлука со која висината на комуналната такса е 7 денари, а законската рамка е од 5 до 15 денари. Таа сума од 7 денари не е висока, дури не е ни на половина од законскиот максимум. Соседните општини Виница, Берово, М.Каменица исто така наплатуваат ваква такса, јас ги разбирам вашите барања и потреби, ама и општината мора да си ги собира своите приходи. Се сложувам со вас дека не треба да има селективен пристап и ветувам дека нема да има, секој што користи деловен простор пред деловен простор ќе биде задолжен со ваква такса и нема да има исклучок, како било порано не можам да знам и немам одговорност. Јас како градоначалник можам да побарам автентично толкување на Законот за да ја разрешиме дилемата дали доколку земјиштето е во ваша сопственост треба да се плача комунална такса. Плус тоа не ја плаќате целата сума, плаќате само 70% и не ве задолжуваме за музика, значи од наша страна има попуст.Доколку добиеме толкување дека не треба да ве задолжуваме со комунална такса доколку користите простор на ваше земјиште, нема да бидете задолжувани, рече Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски.

Дејан Трајковски рече дека и тој има забелешки во мерењето на површината и дека истото треба да се коригира. Не треба да се мери целата површина бидејќи не е корисна целата површина, има саксии со цвеќе и декоративни дрвца, можеби би било исправно да се прави задолжување по маси. Исто така дискутабилни се и месеците за кои не задолжувате, поголем дел од годината ние немаме промет, знаете дека се повеќе луѓе се иселуваат, работиме ефективно само во сабота кога е пазарен ден,ние плаќаме комунална такса повеќе од киријата,рече тој

Градоначалникот рече дека мерењето не може да биде по маса, факт е дека имате некои отстапки од страна на општината, плаќате 70%, целта не е ние да ве затвориме вас, тука сме да најдеме заедничко решение. Сметам дека нашиот однос кон вас е фер однос, споредбата со Скопје не е во ред.

Влатко Величковски рече дека дискусијата по оваа точка не треба да се развлекува и да се повтараат работите. Факт е дека општината ви дава некои попусти и отстапки. 7 денари е можеби најниска цена за комунална такса. Она за што треба да се фокусираме во дискусијата е да се направи разлика сопствено и државно земјиште, начинот на мерење и месеците за кои ќе се

задолжувате со комуналната такса.

Претседателот на Советот рече дека во самото барање угостителите немаат конкретен предлог и затоа предложи да одржат состанок сите угостители и до советот да достават конкретен предлог-колку да изнесува висината на конмуналната такса.

**Дваесет и петта точка-Разгледување на Барање од Маја Илиевска, М.Каменица;**

Во врска со ова Барање претседателот на Советот рече дека до Советот на Општината има доставено барање од Маја Илиевска од М.Каменица која бара да се разгледа нејзиното барање и да се постапи по истото. Во прилог на барањето е доставена Одлука на Советот на Општина Делчево за доделување на парична помош, како и Решение од Градоначалникот на Општина Делчево за парична помош кое не е исплатено. Тој истакна дека Маја Илиевска не е жител на делчево и согласно Правилниците за доделување на парична помош не ги исполнува условите и критериумите.

Градоначалникот на Општината рече дека Советот во претходниот мандат има донесено повеќе одлуки за парична помош со поголеми суми, во вкупен износ од речиси 3.300.000 денари, пари кои Општината ги нема на сметката бидејќи се потрошени сите средства кои биле предвидени за таа намена со Буџетот за 2017 година. Исто таков одговор беше даден и на подносителот на барањето, но ете таа повторно поднела барање и до Советот на Општината. Јас како градоначалник средствата предвидени за парична помош ги намалив и ги сведов на минимум затоа што сметам дека со тие средства можеме да направиме нешто кое што ќе биде во интерес на повеќето граѓани, а не на едни исти луѓе кои постојано поднесуваат барања за парична помош. Има социјални установи и таму нека ги бараат своите права од таков карактер, немам намера Општината да ја претворам во социјална установа, а ќе се заложам кај градоначалничката на М.каменица да најдеме начин и да и се помогне на Маја Илиевска. Затоа, Ве замолувам и вас, како членови на советот да имате предвид кога се носат вакви одлуки да не се определуваат високи суми кои реално не можеме како Општина да ги исплатиме, рече Градоначалникот на Општина Делчево.

Славица Димитрова праша дали е укинато претходното решение за парична помош на Маја Илиевска и дали Советот може да донесе нова одлука со помала сума на пари?

Претседателот на Советот рече дека решението не е укинато, а Градоначалникот на Општината дал добар предлог, да се најде начин со Општина М.каменица за да и се помогне на барателката или да и се сугерира да поднесе вакво барање до М.Каменица.

**Дваесет и шеста точка-Прашања и предлози на членови на Совет.**
**Сашко Ивановски, до ЈПКД „Брегалница“ и Одделението за инспекциски надзор**

1. Ралова Чука-депонијата за градежен шут е во катастрофална состојба, покрај градежниот шут се фрла се и сешто, па дури и изумрени животни. Потребно е да излезе инспекција на лице место и под итно да се преземат мерки за расчистување и санирање на состојбата. Самата депонија се наоѓа на влезот на Делчево и е лоша слика за градот и општината. Под итно да се се преземат соодветни мерки од надлежните органи.

**Ванчо Велиновски, до Градоначалникот**

1. Ако има можности  во салата за склучување брак (венчавки) да се обезбедат чаши за вино (шампањ) бидејќи склучувањето на брак е свечен чин.

**Катица Трајкова Тасева**, **до ЈПКД „Брегалница“-Делчево**

Да се метат улиците во Централното градско подрачје и да се најде можност да се мијат со вода бидејќи во последно време состојбата не е баш најдобра. Исто така да се постават канти за отпадоци на повеќе места, особено на „Кеј на ослободување“ бидејќи на тој потег (шеталиште, детски забавен парк) од мостот до стадионот да нема ниту една канта/корпа за отпадоци.

Со исцрпувањето на Дневниот ред, 9.седница на советот на општина Делчево заврши со работа во 16.45 часот.

**Записникот го водела,**

**Снежана Трајкова**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**Претседател,**